РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 18 - 911/3
07.04 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**До**
**Лидија Митовска**
**Одговорно лице за слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**П Р Е Д М Е Т: Достава на Одговор на Барање за достава на информации**
**Врска:бр. 18-911/2 од 17.03.2022 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за достава на информации со број 18-911/2 од 17.03.2022, со овој допис Ве информираме дека Општина Крива Паланка во рамките на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, Ви ја доставуваме следната информација;

Во Областа на Образованието:

1. Во однос на првото прашање одговорот е ДА, општината има реализирано проекти за подобрување на училишната инфраструктура во последните 3 години, но не се финансирани од ЕУ.

2. Во училиштата има спроведени обуки за наставници во последните 3 години, но не се финансирани од ЕУ, само во едно училиште дел од нив се преку Еразмус+ Програмата.

3. Во ромската заедница е активен еден ромски образовен медијатор.

4. Општина Крива Паланка на Седница на Совет донесе Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОЈУДГ „Детелинка" за учебната 2021/2022 година средства обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка преку блок дотации од Министерството за труд и социјална политика при што се вклучени 15 деца Роми во ОЈУДГ „Детелинка".

5. За ова е надлежно Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој – Одделение за јавни дејности,економски развој и информатичка технологија

6. Прашањата од областа на образованието на локално ниво може да се решат преку основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта во соработка со централната власт во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици.

7. Да

Во областа за **Вработување:**

1. Општина Крива Паланка од 2015 година наваму Преку програмата Општинско Корисна Работа која е подржана од УНДП, АВРМ, МТСП и Општина Крива Паланка ангажира лица кои се невработени во повеќе активности кои се предвидени во самата прогрма како на пример (негуватели за стари лица во домашни услови, воспитно-образовани асистенти за деца со попреченост кои се вклучени во редовниот процес на образование, Воспитувачи, негователи и Музички аниматор во ОЈУДГ „ДЕТЕЛИНКА", Дипломиран социјален работник во Дневен центар лза лица со интелектуална и телесна попреченост и фасилитатори/истражувачи на терен.
Едно лице е вклучено во оваа програма бидејќи изразило интерес.

2. Општина Крива Паланканка односно Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија заедно со Центарот за вработување и Меѓуопштинскиот Центар за социјални работи Крива Паланка ја спроведуваа оваа програма.
3. /
4. Да

Одласт **Домување**

1.Не. Аплицираше за Проект ,,Ромахаусинг,, но не и беше одобрен.

2. Сектор за урбанизам,сообракај, заштита на жипотна средина и комунална инфраструктура

3. Станбените прашања на локално ниво може да се решат со урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

4.Секако дека има.

Област **Здравство**

1. Не

2. Нема активни здравствени медијатори во ромската заедница.

3. Одделението за јавни дејност,економски развој и информатичка технологија

4. Локалните проблеми од областа на здравството можат да се решат преку управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор

над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон.

5. Креирање на проекти преку едукација и подобро запознавање со здравстото и функцијата на здравствениот систем.

Област **Инклузија**

1. Не

2. Одделението за јавни дејност,економски развој и информатичка технологија

3. Социјалната заштита и заштита на децата детски градинки и домови за стари сопственост, финансирање, инвестиции и одржување),остварување на социјална грижа за инвалидните лица, децата без родители и родителска грижа, деца со воспитносоцијални проблеми, деца со посебни потреби, децата од еднородителски семејства, децата на улица, лицата изложени на социјален ризик,лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање насвеста на населението,домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

4. Да

Област **Финансирање**

1. Да

2. Да

3. Одделението за јавни дејност,економски развој и информатичка технологија

Општина Крива Паланка

Секретар

Антонио Давитковски